Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 03-531/1
03.02. 2021 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр. 03-223/1
3.02. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

# *МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА*

*Свесни дека само со заеднички сили можеме да успееме во постигнување на целите во образованието кое преставува основно средство за креирање и остварување на вредностите во општеството*

*Страните склучија:*

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
во Скопје, на 3 февруари, 2021 г.

склучен помеѓу:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје претставувано од Директорот, проф. Д-р Бојана Наумовска
и
Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев''
претставувана од Директорот, проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска

со следната содржина:

**ГЛАВА I**
**Предмет на Меморандумот**

Член 1

Предмет на овој меморандум е воспоставување на соработка помеѓу Институтот за социолошки и политичко правни истражувања и Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев'', со цел меѓусебна тесна координација, планирање и реализација на активности за изградба на зграда со намена за вршење на образовна дејност за потребите на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања и Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев''.

**ГЛАВА II**
**Цели**

Член 2

Соработката на страните утврдена со членот 1 на овој Меморандум, особено се однесува на:

- Обезбедување на финансиски средства и техничка подршка за реализација на целите;
- Обезбедување на градежно земјиште за изградба на зградата;
- Обезбедување на проектна и градежно техничка документација за изградба на зградата;
- Обезбедување на градежна дозвола за изградба на зградата;
- Обезбедување на финасиски средства за изградба на зградата;
- Целосна и активна вклученост на страните во остварување на целите.

Член 3

Врз основа на овој Меморандум формите на соработка, координацијата и спроведувањето на конкретните активности се остварува врз основа на взаемно утврдена и усогласена Програма, со соодветни обврски за секоја од страните потписнички.

Програмата од ставот 1 на овој член ја предлага посебно Координативно тело.

Со програмата од ставот 1 на овој член се утврдуваат и финансиските средства кои ќе бидат обезбедени за спроведување на истата, изворот и начинот за нивно трошење и реализација.

Член 4

Заради ефикасно спроведување на предметот и целите на овој Меморандум, страните ќе формираат Координативно тело составено од четири члена, така што секоја страна од овој Меморандум предлага по два члена,а Програмата се усвојува едногласно од страна на лицата (законски застапници) кои ги преставуваат страните на овој Меморандум.

Координативното тело од ставот 1 на овој член врши разработка и ја предлага Програмата од членот 3, став 1 на овој Меморандум.

Членовите на координативното тело се должни да обезбедат внатрешна координација и усогласување во институцијата на која и припаѓаат, а истите се задолжени и за обезбедување непречена комуникација помеѓу вклучените институции.

ГЛАВА III

Взаемни обврски

Член 5

Страните потписнички, во зависност од соодветно предвидените сопствени средства за оваа намена, се должни во сопствени печатени или електронски гласила и електронски интернет страници да вршат тековна промоција и афирмирање на активностите кои произлегуваат од овој Меморандум и Програмата, со цел запознавање на јавноста за придобивките од реализација на предметот и целите на овој Меморандум.

Член 6

Во согласност со утврдената Програма од членот 3 на овој Меморандум или врз основа Закон и други сопствени акти со кои се предвидува преземање на соодветни активности, Координативното тело составува годишен извештај кој го доставува до секоја од страните потписнички.

Конечниот извештај за преземените активности од ставот 1 на овој член ќе биде објавен и промовиран согласно обврската од членот 5 на овој Меморандум.

ГЛАВА IV
Општи и завршни одредби

Член 7

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели и преземени обврски,односно поради поголема ефикасност во изготвување и реализација на Програмата од членот 3 на овој Меморандум.

Измената на одредбите на овој Меморандум во смисол на став 1 на овој член се врши единствено со писмена согласност на сите страни на овој Меморандум.

Член 8

Во насока на реализацијата на одредбите на овој Меморандум, страните-потписнички изјавуваат дека во целост се свесни за сопствените цели и интереси кои ги изразуваат, како и правната сила на утврдените и преземени обврски.

Член 9

Неможноста за реализација на одредбите поради индивидуалните специфики на трети лица на кои се однесуваат дел од одредбите на овој Меморандум, немаат правни последици врз страните потписнички.

Член 10

Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од страна на сите потписници и трае се до целосна реализација на предметот и целите на овој Меморандум, односно до спроведување и реализација на Програмата од членот 3 на овој Меморандум.

Член 11

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (две) за секоја страна потписничка.

Страни потписнички:

Институт за социолошки и политичко правни истражувања

Д-р Бојана Наумовска

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев''

Д-р Наташа Габер Дамјановска